# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број **4** * година VIII* 12.04.2013 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, април 2013 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 12.04.2013год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош донесена на Првата конститутивна седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12 април 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 09 - 2647/1**
**12.04.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**с.р. Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 32 од Закпонот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 39 став 1 алинеа 1 и член 40 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр 1/06) член 4, член 106 член 123 и член 124 став 4 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/06), Советот на Општина Карпош на Првата конститутивна седница одржана на 12 април 2013 година донесе

**О Д Л У К А**

за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош

Член 1

Советот на Општина Карпош формира Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош во состав Претседател и 4 (четири ) члена.

Член 2

За преттседател на Комисијата од член 1 на оваа Одлука се избира Магдалена Несторовска, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата од член 1 на оваа Одлука се избираат:
Емил Угриновски,
Сашо Лазаровски,
Марин Алексов и
Горан Михајлов.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
ПРЕТСЕДАВАЧ
с.р. Даница Мартиновска

Бр.07- 2519/2
12.04.2013 година
Скопје